47 134



# Предизвикот на малиот формат

**ПУЛС: Што претставува Меѓународното графичко триенале за мал формат?**

**АЛЕКСОСКА-БАЧЕВА:** Станува збор за триенале коешто се одржува по пети пат во францускиот град Шамалиер. Триеналето нагува презентирање на графики изработени во мал формат. Учесниците се пријавуваат на слободен конкурс, а се претставуваат бројни автори од сите земји во светот. Се работи за една афирмирана манифестација со висок рејтинг во меѓународните графички манифестации, на која Македонија за прв пат со свои претставници е презентирана 1997 година. Меѓутоа контактот со ова триенале е направен 1994 година кога Музејот на современата уметност беше претставен со својата француска графичка збирка. Тоа беше групна изложба на графики од нашата колекција. Веќе наредното триенале 1997 година јас повторно бев селектор и беа претставени четири македонски автори: Димче Николов, Димитар Малиданов, Ладислав Цветковски и Евгени Пантев. Во таа прилика на нашиот уметник му припадна првата Гран при



награда. Од тие причини на годинешново триенале, како добитник на Гран при, Димче Николов, постхумно ќе биде претставен со самостојна презентација на која ќе бидат изложени 23 негови графики работени во периодот од 1979 до 1997 година, а ги земав во предвид оние дела кои претставуваат пресек во неговиот графички јазик.

**ПУЛС: За кои графичари се одлучивте годинава?**

**АЛЕКСОСКА-БАЧЕВА:** Оваа година, исто така, ќе бидат претставени четворица

***Во францускиот град Шамалиер по петти пат се одржува Меѓународното графичко триенале за мал формат. Македонија, со свои учесници за прв пат на оваа манифестација беше претставена во 1997 година кога доживеа голем успех, со доделувањето на првата-Гран при награда на Димче Николов. Оваа година Македонија ќе ја претставуваат четворица графичари.***

***Разговор на селекторот Захаринка Алексоска-Бачева за ПУЛС***

автори и тоа Димитар Малиданов, Зоран Јакимовски, Славица Јанашлиева и Оливер Мусовиќ. Всушност секогаш и на ова и на претходното триенале, моите размислувања за изборот на графичарите се базирам на тоа тие да бидат веќе потврдени во својот графички израз, коишто дале свој квалитетен придонес во развојот на графичката уметност, со по двајца помлади автори коишто продолжуваат со тој дух, што повеќе да внесат авангардност во тој современ израз.

**ПУЛС: Како се доживува македонската графика на оваа манифестација?**

**АЛЕКСОСКА-БАЧЕВА:** Самиот факт дека на Триеналето во 1997 година кадешто беа за прв пат претставени наши автори, а Гран при наградата ја доби Македонец, зборува многу. Тоа говори дека македонските уметници во графиката постигнуваат мошне завидни резултати. И меѓународното жири одлучи да му даде на Димче Николов награда. Друг елемент беше што на Триеналето во 1994-та кога беше отворена изложбата на графики на странската колекција на МСУ, бев изненадена од нивното воодушевување, кога констатираа дека некаде на Балканот каде што се случуваа немири, во една од новосоздадените држави од некогашната југословенска федерација доаѓа изложба, на којашто се презентирани француски врвни имиња, кои се дел од нивната, но и од светската историја на ликовната уметност. Луѓето беа просто шокирани, дека светски имиња, од типот на Хастл, Бифе, Масон и др., подариле накогаш во 60-тите години свои графики и дека ние поседуваме таква збирка на графики на француски автори.

**ПУЛС: Што значи ова триенале за афирмацијата на македонската уметност?**



**АЛЕКСОСКА-БАЧЕВА:** Тоа не е само афирмација на уметноста, туку претставува и афирмација на државата. Секогаш на ваквите манифестации со меѓународен карактер учеството на наши автори е голема афирмација и за државата. Сепак не е малку уметници од една мала држава да добиваат награди на светски манифестации.

**ПУЛС: Која е привлечноста на таканаречениот мал формат во графиката?**

**АЛЕКСОСКА-БАЧЕВА:** Малиот формат што го негуваат одредени графичари овозможува еден поинтимен однос меѓу тој што го прима тоа дело, значи, реципиентот и авторот. Но, кога се работи графика во мал формат, особено до израз доаѓа врвната виртуозност на самиот автор во изведбата на графиката. Бидејќи, кај малиот формат, неопходно е перфектно да биде изведена на графичката техника (бакропис, акватинта...). Тука, таа не трпи никакво импровизирање во изразувањето, затоа што малиот формат ограничува, па така, сѐ мора технички да биде изведено перфектно.

*Г. Томовски*



507